МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 8 од работниот дел од дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано ден на 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2022 година, во текст и содржина кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Собранието на Друштвото ја одборува работата за деловната 2022 година на:

   — **Г-дин Габор Лехел, како Претседател;**
   — **Г-дин Андреја Јосифовски, како член;**
   — **Г-дин Филип Бардас, како член;**
   — **Г-дин Реинхард Гојер, како член;**

3. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор акционерите гласаа поединечно за секој член од одборот.

4. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

5. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
Претседавач

______________________________

Предлог одлука